ПРЕДЛАГАЧ: Влада на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Панче Тошковски, министер за внатрешни работи,

Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт,

м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и

д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија

ПОВЕРЕНИК: Стојанче Ангелов, директор на Дирекција за заштита и спасување и раководител на Групата за процена

# ПРЕДЛОГ НА ОДЛУКА
за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија

Скопје, јануари 2026 година

Врз основа на член 68 став (2) од Уставот на Република Северна Македонија, а во врска со член 31 став (5) од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25 ), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на ____________ 2026 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА НА ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Во Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 217/24, 85/25 и 147/25), во членот 1 зборовите „до 31 јануари 2026 година“ се заменуваат со зборовите „до 30 јуни 2026 година “.

## Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе започне да се применува од 1 февруари 2026 година.

Бр. ____________

____________2026 година

Претседател на Собранието
на Република Северна Македонија,
Африм Гаши,с.р.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 октомври 2024 година, го разгледа Записникот од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 30 септември 2024 година, со Записникот од седницата на Група за процена, одржана на 23.9.2024 година и врз основа на образложениот предлог го усвои Записникот од Управувачкиот комитет и донесе Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 203/24).

Периодот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата од 1 октомври 2024 година.

Владата ги информираше Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

Исто така, Главниот штаб при Центарот за управување со кризи веднаш изготви Акциски план за превенција и справување со кризната состојба, а Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Центарот за управување со кризи, со сите останати засегнати државни институции беа задолжени да ги стават на располагање сите расположливи капацитети и ресурси кои може да се стават во функција на справување со кризната состојба.

*

*                    *

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 октомври 2024 година, го разгледа Записникот од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 10 октомври 2024 година, го прифати предлогот на Управувачкиот комитет и ја утврди потребата да се продолжи кризната состојба, до 30 април 2025 година.

Со цел да се обезбеди континуитет во вршењето на активностите од страна на силите на Армијата на Република Северна Македонија и безбедносните сили на Министерството за внатрешни работи, во функција на обезбедување, заштита и чување на државната граница, Владата на Република Северна Македонија заклучи да побара од Собранието на Република Северна Македонија да ја донесе Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата, односно, во времетраење до 30 април 2025 година.

Во прилог кон Предлогот на одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата се доставува и Записникот од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 10 октомври 2024 година.

*

*                    *

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 март 2025 година, го разгледа Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 14 март 2024 година, го прифати предлогот на Управувачкиот комитет и ја утврди потребата да се продолжи кризната состојба, до 31 јули 2025 година.

Со цел да се обезбеди континуитет во вршењето на активностите од страна на силите на Армијата на Република Северна Македонија и безбедносните сили на Министерството за внатрешни работи, во функција на обезбедување, заштита и чување на државната граница, Владата на Република Северна Македонија заклучи да побара од Собранието на Република Северна Македонија да ја донесе Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата, односно, во времетраење до 31 јули 2025 година.

Во прилог кон Предлогот на одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата се доставува и Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 14 март 2025 година и Записникот од Втората седница на Групата за процена на ризици и опасности, одржана на 11 март 2025 година.

*

* *

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 јули 2025 година, го разгледа Записникот од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 7 јули 2025 година, го прифати предлогот на Управувачкиот комитет и ја утврди потребата да се продолжи кризната состојба, до 31 јануари 2026 година.

Со цел да се обезбеди континуитет во вршењето на активностите од страна на силите на Армијата на Република Северна Македонија и безбедносните сили на Министерството за внатрешни работи, во функција на обезбедување, заштита и чување на државната граница, Владата на Република Северна Македонија заклучи да побара од Собранието на Република Северна Македонија да ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата, односно, во времетраење до 31 јануари 2026 година.

Во прилог кон Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата се доставува, Записникот од Третата седница на Групата за процена, одржана на 4 јули 2025 година и Записникот од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 7 јули 2025 година.

*

* *

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јануари 2026 година, го разгледа Записникот од Десеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 29 декември 2025 година, го прифати предлогот на Управувачкиот комитет и ја утврди потребата да се продолжи кризната состојба, до 30 јуни 2026 година.

Со цел да се обезбеди континуитет во вршењето на активностите од страна на силите на Армијата на Република Северна Македонија и безбедносните сили на Министерството за внатрешни работи, во функција на обезбедување, заштита и чување на државната граница, Владата на Република Северна Македонија заклучи да побара од Собранието на Република Северна Македонија да ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата, односно, во времетраење до 30 јуни 2026 година.

Во прилог кон Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата се доставува, Записникот од Деветата седница на Групата за процена, одржана на 29 декември 2025 година и Записникот од Десетата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 29 декември 2025 година.

*

* *

За време на целиот овој период, Управувачкиот комитет за координација и управување во Системот за управување со кризи, во комуникација и соработка со сите надлежни државни институции континуирано и редовно ја следи состојбата во подрачјата на дел од територијата на Република Северна Македонија каде е прогласена кризна состојба.